08 – 199/1
13 -01- 2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-1862/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1862/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1862/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето -------------------во законски предвидениот рок по престанок на функцијата заменик на директорот --------------------- не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службен весник на РСМ, по што констатира дека лицето -------------------- е разрешено од вршење на функцијата заменик на директорот ----------------------------------, со Решение бр.14-2953/1 од 11.03.2025 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ” бр.61/25.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ------------------- во законски предвидениот рок по престанок на функцијата заменик на директорот не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето -------------- Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1862/4 од 26.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1862/5 од 26.09.2025 година, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на кој стои потпис и датум на прием 30.09.2025 година. Истиот на ден 30.09.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за извршена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: С.Љ, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk